УДК. 325. 83 (497. 17)

Светозар НАУМОСКИ

# ПРИЛОГ ЗА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА ЈОРДАН ГАВАЗОВ (1894-1899)

Јордан Гавазов припаѓа на познатото прилепско занаетчиско и револуционерно семејство Гавазови. Таткото на Јордан Гавазов - Христо (Ицо) Гавазов спаѓа меѓу првите прилепчани, посветени во револуционерните цели на МРО лично од Даме Груев и Пере Тошев, и воедно е еден од првите членови на Организацијата во Прилеп. Неговиот татко (дедото на Јордана) бил исто така родољубец и уште многу порано пред создавањето на МРО соработувал со четите на Спиро Црне, Диме Чакре, Ѓорѓи Лажо.[1] "Под крушата паѓа круша" вели народот, односно во семејството со вакви револуционерни традиции и не можело друго да се раѓа освен револуционери.

Ете во такви околности, во 1875 година, [2] во Прилеп се родил идниот македонски револуционер и неустрашлив борец за ослободување на Македонија од турското ропство Јордан Гавазов. Тој во Прилеп завршил основно образование, а потоа го изучува и се занимава (го наследува) татковиот ковачки (железарски) занает.[3] Млад и буен, со атлетска развиеност, со челично здравје и неисцрпна енергија, неуморно трудољубив, смел, упорен и слободољубив, тоа биле карактерни особини кои го краселе неговиот лик. Со такви карактерни особини, Јордан Гавазов не можел да остане настрана од револуционерното движење, туку напротив, тие придонеле Јордан Гавазов многу рано да се вброи меѓу првите членови на Македонската револуционерна организација. [4]

Сé до првата половина на 1894 година во Битолскиот вилает во кој влегувале и Прилеп со околијата, не постоеле револуционерни комитети на Македонската револуционерна организација.[5] Малуброј-

---

1. Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и Христо Чемковъ, Ил. Илинден, София, 1927, кн. 6, стр. 2; Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, София, стр. 294; Георги Трайчевъ, Приносъ къмъ историята на революционото дъло въ Македония, София, 1925, стр. 94.

2. Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает (1845-1903), Скопје 1983, стр. 12.

3. Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 4; Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ,..., стр. 294.

4. Според Ил. Иванов, Јордан Гавазов станал член поправо бил "покрстен" и упатен во тајните на Организацијата заедно со татка си, уште во 1893 (?!) година, лично од Даме Груев. (Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 4).

5. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), Скопје, 1981, стр. 169.

ните посветени членови на Македонската револуционерна организација (МРО), распрснати во неколку градови во Битолскиот вилает внимателно работеле на ширењето на идеите на Организацијата, групирајќи околу себе надежни симпатизери на револуционерната идеја.[6] Меѓу првите посветени членови на Организацијата воопшто во Македонија спаѓаат и прилепчаните Александар Хаџи Панов и Тодор Станков, кои уште пред званичното формирање на месната организација на МРО во Прилеп имеле формирано два кружока од по десеттина симпатизери на ослободителното дело, кои ќе станат јатка околу која подоцна ќе се формира Месната организација на МРО во Прилеп.[7] Во работата на овие кружоци активно биле вклучени и таткото Христо (Ицо) и Јордан Гавазови.

Формирањето на првите револуционерни комитети на МРО во Битолскиот вилает, се сврзани со името на Даме Груев,[8] кој заедно со Пере Тошев во учебната 1892/93 година учителствувал во Прилеп.[9]

Формирањето на првиот месен комитет на МРО воопшто во Битолскиот вилает било извршено во Прилеп од страна на Даме Груев, при неговата позната обиколка на Македонија во 1894 година.[10] Така, формирањето на Месниот комитет на МРО во Прилеп било извршено во просторот на црковниот двор во село Селце.[11] Првиот месен комитет на МРО во Прилеп бил избран во состав: Александар Хаџи Панов (претседател), Тодор Станков, Иван Гагалев, П. Саратинов, Атанас Иванов, Јордан Поп Константинов и Јордан Гавазов.[12] Веднаш по неговото формирање, овој прв месен комитет на МРО во Прилеп развил интензивна активност, која се состоела покрај прибирање на редовните членски влогови на членовите на Комитетот, собирање и на доброволни прилози за набавка на пушки, муниција и друго оружје кое било складирано во куќата на членот на Месниот комитет Јордан Поп Константинов,[13] како и опфаќање (покрстување) на нови членови на Месната организација на МРО во Прилеп. Во овие активности на Месниот комитет на МРО особено се истакнувал Јордан Гавазов.

Меѓутоа, ваквата "мирна" дејност на Месниот комитет на МРО во Прилеп не траела ни цела година, а тој веќе бил провален и започнало со затворање на неговите членови од страна на османлиската власт. Повод за оваа провала била таканаречената "Дреновска афера", што се случила во март 1895 година.[14] Имено, големобугарската буржоазија

---

6. Исто, стр. 169.

7. Георги Трайчев, Градъ Прилепъ, София, 1925, стр. 223-224; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 169

8. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 169-170; Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 224; Група автори, "Прилеп и прилепско низ историјата", Прилеп, 1971, книга прва, стр. 250.

9. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење..., стр. 127.

10. Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 223.

11. Исто, стр. 224.

12. Исто, стр. 224; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 170; Група автори, "Прилеп и прилепско ..., стр. 250; Љубен Лапе, Спомени на Даме Груев, Зборник "Даме Груев", Битола, 1981, стр. 19.

13. Група автори, "Прилеп и прилепско ..., стр. 250.

14. За ова поопширно види: Димитар Димески, Дреновската афера 1895 година, Годишен

сакајќи да ги искористи проврховистичките елементи од редовите на македонската емиграција во Бугарија, за остварување на своите големобугарски аспирации кон Македонија, уште од почетокот на 1895 година почнала со уфрлување на мали чети од Бугарија во Македонија, со цел да подготви терен за поширока вооружена провокација.[15] Прва таква чета во Битолскиот вилает била уфрлена во пролетта 1895 година. Тоа била четата предводена од стариот прилепски арамиски војвода Димо Дедото.[16] Таа била составена од 6 четници и во Прилепско пристигнала од Бугарија во март 1895 година. Четата имала за задача да го убие Расима и со тоа да го "подигне" борбениот дух на населението,[17] како и да го организира населението и да подготви терен за поширока четничка инфилтрација однадвор, односно од Бугарија. По пристигнувањето на прилепскиот терен, четата на Димо Дедото обиколила повеќе прилепски села, меѓу кои и селата Небрегово, Присад, Дупјани и други. Исто така, веднаш по пристигнувањето на прилепскиот терен четата на Димо Дедото се поврзала со прилепските граѓани, кои веќе биле посветени во целите на МРО и со нив одржала состанок во месноста "Сивец" близу Прилеп.[18] Меѓу повиканите и присутните членови на Прилепската организација на МРО на состанокот бил и членот на Месниот комитет на МРО за Прилеп Јордан Гавазов, заедно со Панто Карамбулов, Тодe Јарамбобол, ѓаконот Константин, Диме Паловранов и други. Повикувањето на состанокот на Јордан Гавазов од страна на Димо Дедото не било случајно. Димо Дедото барал од Јордан Гавазов да ѝ осигури на четата храна и да пронајде "калаузи" односно јавки и организира илегални пунктови за илегалниот престој на четата во прилепските села, како и да обезбеди снабдување на четата со оружје и муниција, а при тоа и да се договорат околу ликвидацијата на турскиот насилник Расим од село Десово.[19] Меѓутоа, сосема случајно кога четата престојувала во трлото на дреновчанецот Веле Савеиќ на 14 март 1895 година чекајќи го Расима, кој имал кула во село Дреново за да го убие, се случил инцидент кој довел до откривање на четата на Димо Дедото.[20] Тој инцидент прераснал во познатата "Дреновска афера" која предизвикала тешки последици за дејноста на Месната организација на МРО во Прилеп. Имено, случајно еден бекликчија по име Ахмет влегол во трлото да провери дали има скриена овца, и при тоа четата плашејќи се да не биде откриена го убива Турчинот-бекликчија.[21] Веднаш потоа четата

---

15. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 183-184; Димитар Димески, Дреновската афера 1895 година, Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје, Скопје, 1978, стр. 77.

16 Повеќе податоци за Димо Дедото види: Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 184 и 188; и Димитар Димески, Дреновската афера ..., стр. 77.

17. Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 223; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 184.

18. Исто, ; Димитар Димески, Дреновската афера ..., стр. 77-78.

19. Група автори, "Прилеп и прилепско ..., стр. 250.

20. Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 223.

21. Исто, стр. 223.

го напуштила Прилепско и се повлекла во Бугарија. [22] Така настанала "Дреновската афера".

Овој настан (убиството на бекликчијата Ахмед во дреновското трло), се одиграл еден ден по состанокот на Димо Дедото со Јордан Гавазов и другите прилепски активисти на МРО во месноста "Сивец". Сето ова османските власти го дознале од еден уапсен селанец,[23] кој подложен на тортура во затворот ѝ изнел на власта за доаѓањето на граѓаните во селото, како и за движењето на четата.[24] Наскоро потоа уследиле претреси од страна на властите во куќите на сомнителните, меѓу кои и во куќата на Јордан Гавазов, а потоа уследиле и првите апсења. Така, во прилепскиот затвор во врска со Дреновската афера биле затворени 46 лица,[25]) меѓу кои и членот на Прилепскиот месен комитет на МРО Јордан Гавазов.[26]

По повеќедневниот престој во прилепскиот затвор, турската власт одлучила групата од 44 затвореници во врска со Дреновската афера да бидат преместени во битолскиот затвор, бидејќи, во Битола требало да се одржи и судски процес против нив. Преместувањето на затворениците било извршено на 4 јуни 1895 година.[27] На чело на спроведувана колона затвореници низ прилепските улици се наоѓале таткото Христо и синот Јордан Гавазови. На големо изненадување на турската власт, целиот град Прилеп тој ден демостративно ја затворил чаршијата, за да ги испрати своите сограѓани дури до месноста "Црвени стени", искажувајќи ја на тој начин својата солидарност со затворениците. Самите затвореници пак, предводени од Христо и Јордан Гавазови марширале со песни што ги подземал и народот, кој дофрлувал и разни пцовки против османлиската власт. За да не се повтори истото и во Битола, каде веќе се пренел гласот за прилепската демонстрација, османлиските власти ги спровеле затворениците по споредни патишта.[28]

Наскоро по префрлувањето на Христо и Јордан Гавазови и другите прилепски затвореници во битолскиот затвор бил организиран судски процес против нив, кој започнал на 14 август 1895 година. Затворениците

---

[22]. Исто, стр. 223; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ... стр. 185

[23]. Според истражувањата на Д-р Димитар Димески - "Прилепскиот кајмакам, дознавајќи за случајот, испратил потера од 50-60 души на чело со јузбашија. Прв потерата за комитите ја известил небреговскиот полјак Аце. Фактички, од него клопчето започнало да се одвиткува. Аце изјавил дека од комитите дознал "како се пратени од Бугарија и како дошле да си најдат сместувалиште, и штом се отопли ќе дојдат уште од нив од Бугарија...". (Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 185).

[24]. Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 5; Д-р Димитар Димески, Дреновската афера ..., стр.78.

[25]. Според Георги Трајчев биле затворени околу 100 лица. (Георги Трайчевъ Градъ Прилепъ, ..., стр. 223), а додека според Ил. Иванов биле затворени околу 80 луѓе. (Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 5)

[26]. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 186

[27]. Исто, стр. 187

[28]. Спомени на Ѓорчо Петровъ . Съобщава Л. Милетичъ, София, 1927, стр. 23-24; Група автори, Прилеп и прилепско ..., стр. 251.

биле обвинети за разбојништво, соучесништво во разбојништво и бунт. Меѓу осудените во овој судски процес бил и Јордан Гавазов, кој бил осуден на 7 години затвор.[29]

Јордан Гавазов ја издржувал казната во битолскиот затвор. Во овој затвор политичките затвореници не биле одделени од другите така што Јордан Гавазов иако бил политички затвореник бил сместен во иста затворска ќелија со затвореници-криминалци. Непокорливиот дух на Јордан Гавазов дошол до израз и во Битолскиот затвор, каде што тој дошол во судир со затворениците-криминалци, кои во затворот имале "воспоставено" свој насилнички режим. Така, физички послабите и посиромашни затвореници биле принудени на агресивните затвореници-криминалци да им ги чистат затворските соби, да им носат вода односно со други зборови да им бидат на некој начин слуги, како и да им даваат "данок" во вид на подароци. Со доаѓањето на Јордан Гавазов како затвореник, по неговиот во прво време физички отпор и пресметка а потоа и преку дијалогот со агресивните-криминалци, бил ставен крај на тие насилства и принуди во затворот. На предлог на Јордан Гавазов, во затворот било формирано еден вид "затворско собрание (меџлис)", кое ја донело следната одлука која била задолжителна за сите затвореници: "кој (затвореник) самиот не може да ја чисти затворската соба (леглото), тој треба да дава по еден грош на ден на оние сиромашни затвореници од собата, кој што би сакале да ја вршат таа работа. На болните затвореници должни се сите да им помагаат, кој со работа, кој со пари и храна или облека".[30] Веднаш потоа во затворот настанале мирни односи меѓу затворениците, од што биле задоволни и затворските власти. По неколку недели од функционирањето на ова "затворско собрание", вестите за промените во затворскиот живот во битолскиот затвор како и името на "реформаторот" Јордан Гавазов стигнале и до валијата, кој лично го викнал Јордана Гавазов на разговор. Во разговорот со Вали-паша, Јордан ги образложил своите "реформи" во затворскиот живот и при тоа му предложил на Вали-паша на затворениците да им се даде нешто да работат, за да се занимаваат и да не мислат само на кавга. "Дајте ни работа, за работа сме изгорени",[31] му предложил Јордан на Вали-паша. По една недела од овој разговор на Јордан со валијата, на Јордан му била дадена работа што одговарала на неговиот ковачки (железарски) занает. Имено Јордан добил работа да прави метални огради за градската градина "Милет-бакче", како и посебен статус на полуслободен затвореник со право да се движи низ Битола без стражар.[32]

Во меѓувреме, додека Јордан Гавазов ја издржувал затворската казна во битолскиот затвор, на 19 април 1896 година во Битола се слу-

---

[29]. Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 187-190; Димитар Димески, Дреновската афера ..., стр. 78-82 и 89-91.

[30]. Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 5.

[31]. Исто, стр. 5-6

[32]. Исто, стр. 6.

случила "Доневата афера" со Доне Стојанов Топев-Штипјанчето. Имено, колџиите при проверката во влезот на Битола кај црквата "Св. Недела", во товарите ориз што ги донел кираџијата Доне Штипјанчето пронашле бомби и друг вид експлозив. При самото откривање Доне се обидел да избега, меѓутоа, бил фатен и затворен во битолскиот затвор.[33]) Бидејќи се очекувало Донета да го подложат на посебна тортура во истражната постапка во затворот, само да ѝ влезат во трагата на "конспиративната завера",[34] Окружниот комитет на МРО во Битола презел чекори, евентуалниот удар на власта да го дочека подготвено. Меѓу другото, било донесено решение фатениот курир на Организацијата да биде убиен во затворот, доколку почне да предава.[35] Меѓутоа, Доне пројавил гранитна цврстина, молчејќи како свинга пред светата тајна на МРО.[36] За затворањето на кираџијата Доне во затворот дознал и Јордан Гавазов. Тој претпоставувајќи дека Доне е човек на Организацијата, самоиницијативно презел мерки да ја спречи евентуалната понатамошна провала на Организацијата. Така, Јордан Гавазов направил отвор на таванот на Доневата ќелија и откако се уверил во неговата цврстина влегол во контакт со Донета. При тоа, Јордан Гавазов му се заканил на Донета, дека ќе биде убиен доколку почне да предава.[37] Така, контактите на Јордана Гавазов со Донета придонеле за зацврстување на Доневата нескршлива верба во Организацијата, а со тоа и за неговата натчовечка издржливост,[38] пред тортурите на турската полиција.

Јордан Гавазов го искористил својот статус на полуслободен затвореник со можност слободно да се движи низ Битола, и еден ден одејќи на работа во Градската градина "Милет бахче" повеќе не се вратил назад во затворот,[39] туку пребегнал во Софија-Бугарија.[40] Таму Јордан Гавазов стапил во контакт со луѓето на Организацијата.

Со цел да ја поттикне работата на Прилепската организација на МРО, чија активност во ова време била прилично замрена[41] поради делувањето на засилената големобугарска пропаганда, а особено на Бугарската Егзархија, во втората половина на мај 1899 година од Софија

---

[33]. Димитар Димески, Доневата афера 1896 година, ГИНИ, Скопје, 1979, бр. 2-3, стр. 100-101.

[34]. За постоењето и делувањето на МРО турските власти сеуште немале дознаено.

[35]. **Спомени на Ѓорчо Петровъ**, ..., стр. 22; Димитар Димески, Доневата афера ..., стр. 103.

[36]. Димитар Димески, Доневата афера ..., стр. 102.

[37]. **Б. Мирчев, Спомени на някои активни дейци в македонското революционо движение. (Спомени на Глигур Стефанов Попев)**, Известия на Института на БАН, **София**, 1956, стр. 501.

[38]. Димитар Димески, Доневата афера ..., стр. 103.

[39]. Во изворите со кои располагаме не сретнавме податок, за тоа кога се случило бегството на Јордан Гавазов од битолскиот затвор, но можеме да претпоставиме дека тоа се случило околу 1897 година. До ваков заклучок дојдовме поради податокот што го сретнавме во изворите, според кој во 1897 година Јордан Гавазов се среќава со Христо Чемков во Софија. (**Ил. Ивановъ, Йордан Гавазовъ и** ..., стр. 6).

[40] **Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и** ..., стр. 6.

[41]. Исто, стр. 6

за Прилеп тргнале Јордан Гавазов, Христо Чемков,[42] Рампо Ѓуров и Стојан Димитров, со намера да формираат прилепска организациона чета. Првите двајца (Гавазов и Чемков) како компромитирани пред турската власт се префрлиле во прилепскиот регион илегално по канал на Организацијата, а последните двајца (Рампо Ѓуров и Стојан Димитров) пристигнале легално. Била договорена нивна заедничка средба на 4 јуни 1899 година во месноста "Мечка"-Селечко. Први на закажаното место, еден ден порано (на 3 јуни 1899 година), пристигнале Гавазов и Чемков. Поради болест на Чемков, тие влегле во градот не дочекувајќи го пристигнувањето на другите двајца другари (Рампо Ѓуров и Стојан Димитров), кои на зборното место пристигнале подоцна. Следниот ден на 4 јуни 1899 година, на зборното место пристигнале Рампо Ѓуров и Стојан Димитров, но не ги нашле своите другари (Гавазов и Чемков). Во вака настанатата ситуација, Рампо му предложил на Стојана тој сам да влезе во градот, а Стојан да ги чека другарите. Меѓутоа, ноќта помеѓу 4 и 5 јуни 1899 година Рампо Ѓуров бил мистериозно убиен. Утредента на 5 јуни 1899 година, полицијата го нашла трупот на Рампо Ѓуров, покрај кој била најдена и белешка на која биле запишани и имињата на Гавазов и Чемков, кои уште од порано им биле познати на османлиските власти како бунтовници и смели револуционери. Поради тоа, истиот ден на 5 јуни 1899 година полицијата го блокирала квартот и почнала со претреси, при што Јордан Гавазов и Христо Чемков биле откриени во куќата на Рампо Балазелков. На повикот да се предадат тие одговориле со огин. Во престрелката што настанала притоа, бил тешко ранет главниот полицаец Емин-ефенди. Опсадените Јордан Гавазов и Христо Чемков по неколкучасовна борба, откако им привршила муницијата и не гледајќи никаков чесен излез од постојната ситуација, за да не паднат живи во рацете на османлиските власти решиле да се самоубијат.[43] Според некои искажувања, во моментот на самоубиствениот чин најпрво Јордан Гавазов го насочил пиштолот кон главата на Христо Чемков обраќајќи му се со зборовите "држ се Чемко" и го убил, а потоа Јордан Гавазов и самиот се убил.[44]

---

[42]. Христо Чемков бил роден во Штип. Во 1896 година бил назначен од Егзархијата за учител во Централното основно училиште во Битола, каде станува и член на Организацијата (МРО) и развива интензивна револуционерна дејност, за која во сеќавањата на Тома Николов пишува: "Посветен и целосно оддаден на револуционерното дело, со својата пргавост, подвижност и весел карактер, тој се пробива меѓу работничката средина, меѓу чираците и калфите, и ретко имаше ден без да доведе 3-4 души за ставање под клетва во црквата "Св. Богородица". (Икономъ Тома Николовъ, Какъ се дойде до Илинденското въстание, Ил. Илинден, ВИИ/9(79), София, 1936, стр. 5). Извесно време во почетокот на 1897 година Христо Чемков учителствувал и во Прилеп. (Ил. Ивановъ, Йордан Хр. Гавазовъ и ..., стр. 6). По настанувањето на Виничката провала, кон крајот на 1897 година Христо Чемов ја напушта Македонија, и оди во Бугарија. (Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 234). Херојски загинува (со самоубиствен чин) заедно со Јордан Гавазов на 5 јуни 1899 година, за што ќе стане збор понатаму во трудов.

[43]. Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 291-292; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 307-309.

[44]. Ангел Динев, Илинденската епопея, София, 1946, дел први, стр. 183-184.

Нивниот самоубиствен чин силно го потресол прилепското население, како и цела Македонија. Тие, со својата беспримерна храбра смрт за татковината, дале пример како се умира за слободата на својот народ. Нивниот херојски чин станал револуционерна практика на македонските револуционери. Така, оттогаш при судирите со турската војска и полиција, четите на МРО ако немале можност да се извлечат од обрачот, сами четниците се застрелувале меѓу себе.[45] Така, повикот на Јордан Гавазов и Христо Чемков го следеле и редица други македонски револуционери (Методија Патчев, Христо Узунов и други). Македонскиот народ во знак на благодарност и почит кон нивното револуционерно дело им испеал и песна, овековекувајќи ги на тој начин во својата историја. Песната гласи:

Македонијо, робинко клета,
секој ден скрбиш мајко света,
секој ден губиш храбри момчиња.
Но немој да офкаш, мајко света!
Само со крв и жртви големи,
ти ќе вкусиш од слободата;
ропството црно, грозните маки,
ти ќе ги урнеш само во борба.
Е, таму, во градот на Марко Крале,
баснословниот јунак балкански,
почиваат в гроб, спокојно, слатко,
Гавазов, Чемков и Стојан Лазов.[46])
За нив да пејме, а не да жалиме,
тие го исполнија својот долг свештен.
Должни сме сите тоа да го прајме,
за тебе, мајко, татков крај беден!
Додека раѓаш достојни чеда,
кои што знаат како да умрат,
за чест и правда, и за слобода,
твоите тирани да затреперат![47]

---

[45]. Икономъ Тома Николовъ Какъ се дойде до Илинденското ..., стр. 6.

[46]. Стојан Лазов бил терорист на МРО при Месната организација во Прилеп. Тој по наредба на Прилепскиот револуционерен комитет заедно со Никола Мрсев, на 4 февруари 1899 година го убиле прилепчанецот Тоде Поп Антов, кој бил експонент на големосрпската пропаганда во Прилеп, и од Прилепскиот револуционерен комитет бил осуден на смрт. При извршувањето на смртната пресуда дошло до престрелка со турската полиција, при што Стојан Лазов херојски загинал. (Георги Трайчевъ, Градъ Прилепъ, ..., стр. 89; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во ..., стр. 304-305; Д. Димевски, Подвизите на Лазов, Чемков и Гавазов во Прилеп, 1899 година, Зборник на трудови, ДНУ, Прилеп, 1979, стр. 137-142).

[47]. Ангел Динев, Илинденската епопеја, книга прва, приредил проф. д-р Владимир Картов, Скопје, 1987, стр. 184.

Svetozar NAUMOSKI

## CONTRIBUTION TO THE REVOLUTIONARY ACTIVITY OF IORDAN GAVAZOV

(S u m m a r y)

Iordan Gavazov was born in 1870 in Prilep. With the foundation of the local organisation of the Macedonian Revolutionary Organisation in Prilep in 1894, Iordan Gavazov was elected for a member of the local committee in Prilep. When the "Drenovo affair" broke out in 1895, Gavazov was forced to escape in Bulgaria. In 1899 he returned in Prilep, where he was cought and killed by the Turkish police in an unequal combat together with the Shtip revolutionary Hristo Chemkov on 5 June, 1899.